**После неколку децении објектот на детската градинка во општина Лозово, клон на Рахилка Гонева од општина Свети Николе е запишан со имотен лист сопственост на општина Лозово. Општина Лозово изразува голема благодарност до Советот и Градоначалникот на општина Свети Николе со кои најдовме заедничко разбирање за овој објект и истиот го поклонија на општина Лозово. Исто така направен е и основен проект за нова детска градинка на местото на постоечката со кој аплициравме во Министерството за Труд и Социјална политика.**




